# СРЕДБА ПОМЕЃУ ЗПРМ И ИНСТИТУТОТ „ИНАЛКО“

Од 4 до 10 април 2017 година ЗПРМ беше домаќин на Верица Јакимов, долгогодишен професионален преведувач од и на македонски и француски јазик, изучувач на македонскиот јазик и вработена во администрацијата на Институтот за ориентални јазици и култури „ИНАЛКО“ во Париз, Франција. Нејзината студиска посета во Македонија ја овозможи програмата ЕРАЗМУС + на Европската Комисија. На 4 април, во просториите на НВО „Центар“, г-а Јакимов се запозна со десетина членови на здружението, се информира за неговата работа и за досегашните активности, а го претстави и своето образование во областа на словенските јазици и, поконкретно, македонскиот јазик, долгогодишната кариера како преведувачка, особено на поезија и на детска литература, како и работата на институтот „ИНАЛКО“.

Од посебно значење се разговорите со г-а Јакимов за можната соработка меѓу институтот и ЗПРМ, односно за вклучување на ЗПРМ во обуките на постдипломските студии за преведување од француски на македонски јазик и обратно со испраќање свои предавачи, а и со организирање средби и работилници со предавачи од „ИНАЛКО“ во Македонија. Покрај тоа, се разговараше и за можностите за поврзување на здружението со сродните здруженија во Франција, особено со Синдикатот на преведувачите.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВЕДУВАЧИ И ТОЛКУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
contact@mata.mk • www.mata.mk